*Зоран КИТКАЂ*
*Мелита МИЛЕВСКА-БОГАТИНОВА*

**УДК: 343.91–053.6(497.7)**

# НАСИЛСТВО КАЈ МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА ВО МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*Во последната деценија насилното и агресивното однесување кај децата и младите е во постојан пораст. Ваквиот проблем се повеќе го свртува вниманието на стручната, научната и целокупната јавност во Македонија и во светот.*

*Во овој труд ќе биде прикажана застапеноста на малолетничкиот криминалитет со елементи на насилство, неговата структура и диструбуција според возраста на малолетните лица во периодот од 2001-2010 год. во Р.Македонија.*

***Методи:*** *Во овој труд користени се дескриптивниот метод и анализа на докумнетација на официјалните статистички прегледи за сторени кривични дела од 2001-2010 во Република Македонија и статистички прегледи за сторени кривични дела од 2005-2009 во Република Хрватска.*

***Резултати:*** *Во анализираниот десетогодишен период (2001-2010) застапеноста на насилничкиот криминалитет кај малолетните лица во Македонија се движи од 11.4% до 23.4% од вкупниот малолетнички криминалитет. Во Хрватска споменатиот криминалитет кај малолетните лица се движи од 20-28% од вкупно сторените кривични дела.*

***Заклучок:*** *Обемот и динамиката на криминалитетот со елементи на насилство варира и се каректеризира со неконтинуиран пораст во двете земји.*

***Клучни зборови:*** *НАСИЛСТВО, КРИВИЧНИ ДЕЛА, МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА, КРИМИНАЛИТЕТ, МАКЕДОНИЈА.*

## *1. Вовед*

### *1.1 Поим и детерминирање на насилството*

Младите луѓе често пати однесувајќи се насилно применуваат сила, без разлика дали таа е физичка или психичка, што е едно од најважните и најчести обележја на законските битија на кривичнита дела. (Кајзер Г, 1996, стр.320)

B.Hesnard (1971) насилството го дефинира како екстремен облик на агресија која се манифестира како нелегитимна и неоправдана примена на сила ( физичка или

психичка), кое однесување може да биде организирано или спонтано, ритуално ( во случај на крвна одмазда ), а во поново време се јавува и како инструментализирано (уцени, грабнувања, закани, земање на заложници и сл.). (Hesnard B, 1963, стр.300 )

Во зависност од степенот на општествената опасност односно од последиците кои се јавуваат како резултат на манифестираната агресија насилничкото однесување може да биде асоцијално прекршајно и криминално.

Заедничко обележје за сите видови и форми на насилничко однесување е спротивставување на некоја правна норма или забрана, каде доаѓа до загрозување на сите добра што се создаваат во едно општество, кои пак се одредени од материјалниот,социјалниот, културниот, политичкиот и технолошкиот амбиент на живеење. (Арнаудовски Љ, 2007, стр.335 )

Според Камбовски, криминалитетот со елементи на насилство како посебен облик на криминалитет е дел од класичниот криминалитет кој опфаќа повеќе видови кривични дела кои имаат исти или слични криминалистичко-релевантни обележја. (Камбовски В, 1997)

Насилничкото однесување Бачиќ го разгледува од два аспекта, преку примена на физичка или психичка сила. Според овој автор, во првиот вид насилство доминира физичка агресија која го загрозува физичкиот интегритет односно животот и телото на човекот.

Вториот аспект вклучува примена на психичка сила, што подразбира психичко малтретирање, предизвикување на трајно и силно чувство на лична несигурност и вознемиреност. (Bаćic F, 1997)

Според Светската здравствена организација насилството е дефинирано како “намерна употреба на физичка сила или моќ, закани против друго лице или против група или заедница, која резултира со или има висока веројатност да резултира со повреда, смрт, психолошка штета или лишување. (Dahlberg & Krug, 2002, стр. 1-21.)

Гудович под насилство подразбира примена на секаков вид сила насочена кон човекот, без разлика на карактерот, јачината и видот на користената енергија. Истиот автор како синоними на овој поим ги користи термините: агресија, насилно однесување, и злоупотреба на сила.

Поимот агресија обично се употребува при постоење на насилничка настроеност кон поединецот или општествени групи, додека насилството означува примена на конкретна сила во општествените односи од различен тип и нивоа.

За разлика од споменатите поими насилничкото однесување претставува примена на сила во односите помеѓу поединецот и општествените групи, а се однесува на феноменолошкиот и манифестниот аспект на насилство. (Gudović Z, 1998, стр. 32)

Можеме да констатираме дека насилство претставува секој непосреден напад врз психичкиот или физичкиот интегритет на поедниецот, негово блиско лице или група луѓе, без разлика на интензитетот, формата и времетраењето на применетата сила.

### *1.2 Видови и форми на насилство*

Феноменологијата на деликтите со елементи на насилство е многу комплексна појава. За таа цел потребно е аналитички пристап во класифицирањето на видовите на насилство и нивно поконкретно определување. (Foege, Rosenberg & Mercy, 1995, стр. 2-9)

Според тоа кој го врши чинот на насилтство истото може да биде: *самонасилство, интерперсонално и колективно насилство.*( World report of violence and health, 2002, стр. 14 )

- Самонасилството претставува суицидно однесување или самозлоупотреба кое се манифестира низ следните форми: помисла за одземање сопствениот живот, планирање на таквата активност, обид за самоубиство и самоубиство.
- Интерперсонално насилство, кое опфаќа:
  - семејно и меѓупартнерско насилство (злоупотреба на деца, насилство од страна на блискиот партнер и злоупотреба на постаро лице) и
  - насилство во заедницата (насилно однесување меѓу младите лица, случајни дела на насилство, силување или напад заради сексуална злоупотреба од страна на непознато лице, насилство во училишта, пенитерсиерни и социјални установи).
- Колективно насилство е наменска употреба на насилство од страна на лица од одредена група ( тероризам, вооружени судири и организиран насилен криминал ).

Голем број автори не прават дистинкција помеѓу физичко и психичко насилство, бидејќи секое физичко насилство во себе содржи и психолошка димензија. Со други зборови физичкото и психичкото насилство взаемно се условуваат, заедно се манифестираат, а често пати двата облика меѓусебно се засилуваат. (Harris, Petri & Willoughby, 2001)

Под *физичкото насилство* не се подразбира само директен напад, односно свесно и намерно употребена сила по животот и телото. Во овој вид на насилство се вбројуваат и различни видови на загрозување на физичкото задравје кои немаат за последица повреда или рана. Такви форми на физичко насилство се: занемарување и лишување од храна, облека и лекови; заклучувње или затварање во мрачни и нехигиенски услови и сл.

*Психичкото насилство* подразбира таков вид на однесување на поединецот или групата со кое се запоставува, загрозува, потценува и вербално напаѓа личноста на индивидуата. Растројствата во однесувањето, проблемите во когнитивните и образовните капацитети, емоционалната нестабилност, како и намалената способност за адаптација се најчести последици од психичкото насилство. Како примери на психичко насилство поголем број автори ги вбројуваат: ***отфрлањето*** ( вербален напад, потценување, исмејување), тероризирање (удирање, повредување,

смрт), ***изолацијата*** (спречување на контакт со врзници или возрасни надвор од домот, држење во затворени простории ), ***експлоатацијата*** (поткупување, поттикнување и наведување на дрога, алкохол, криминал, проституција, питачење и сл.) и ***емоционално лишување*** (емоционална занемареност, одбивање на контакти). Досега наведените видови и содржини на психичко насилство укажуваат на комплексноста и мулти димензиналноста во објаснувањето на психичкото насилство. (Milosavljević M, 1998, стр. 42-44)

Под *сексуално насилство* во потесна смисла се подразбира задоволување на било кој вид на сексуална потреба или нагон со употреба на физичка, психичка или некоја друга сила. (Арнаудова С, 2011.)

Сите видови на сексуално насилство повеќе или помалку во себе содржат и елементи на емоционално односно психичко насилство.

Во поново време сите форми и елементи на насилство се почесто ги среќаваме и во установите за социјална заштита, чија основна намена и дејност е згрижување и ресоцијализација на деца и млади со пореметување во однесувањето.

### *1.3 Структура на криминалитет со елементи на насилство*

Во криминолошката литература постојат различни сфаќања за тоа кои кривични дела спаѓаат во криминалитет на насилство. Според Шепаровиќ З.; Киткањ З. насилните деликти се содржани во повеќе групи на кривични дела. (Šeparović Z, 1981, стр. 99; Киткањ З, 2009, стр.100-105 )

Во зависност од типолошката класификација на криминалитетот кривичните дела можат да се поделат на повеќе видови според степенот на општествена опасност, индивудуалните карактеристики на деликвентот, начинот на нивно изведување, основниот мотив и сл. (Bošković M, 1995, стр.141)

Според казнените закони во земјите со позитивно законодавство, во кои се вбројува и Република Македонија, деликтите со елементи на насилство се содржани во повеќе групи на кривични дела.

1. Кривични дела против животот и телото
2. Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот
3. Кривични дела против изборите и гласањето
4. Кривични дела против половата слобода и половиот морал
5. Кривични дела против бракот, семејството, и младината
6. Кривични дела против имотот
7. Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот
8. Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај
9. Кривични дела против државата
10. Кривични дела против вооружените сили
11. Кривчни дела против јавниот ред
12. Кривчни дела против човечноста и меѓународното право

Во насилнички криминалитет може да се вбројат и дел од следните групи на кривичните дела: против безбедноста на јавниот сообраќај; кривични дела против државата; против вооружените сили; како и кривичните дела против човечноста и меѓународното право.

### *Методологија на истражувањето*

***Предмет*** на ова истражување се малолетните лица сторители на кривични дела во Република Македонија.

***Целта*** на овој труд е да се утврди застапеноста на кривичните дела со елементи на насилство во вкупниот малолетнички криминалитет.

***Посебни цели:***

- утврдување на структурата на кривичните дела со елементи на насилство и
- дистрибуцијата на криминалитетот со елементи на насилство според возраста на малолетните лица.

### *Метод*

Во изработката на трудот беа користени *дескриптивниот метод и методот на анализа на докумнетација* ( статистички прегледи: сторители на кривични дела од 2001-2010 во Р.Македонија, Завод за статистика на Р.М; Statistička izvešćja počinitelja kaznenih djela iz 2005-2009 u Hrvatskoj: Državni zavod za statistiku).

*(Во трудот не се опфатени податоците за правосилно осудени малолетни лица од основниот суд во Куманово. )*

### *Резултати од истражувањето*

Обемот, динамиката и структурата на криминалитетот со елементи на насилство е прикажан според правосилно осудените малолетни лица како последна фаза од кривичната постапка на основните судови. Во табелата е прикажана дистрибуција на споменатиот криминалитет според календарската возраст.

**Табела 1.** Структура на кривичните дела со елементи на насилство кај малолетници според возраста во периодот од 2001-2010 во Македонија

| **Кривични дела** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** | **715** | **748** | **547** |
| **Насилнички** | **100** | **112** | **104** | **143** | **144** | **154** | **131** | **120** | **175** | **115** |
| **%** | **11.40** | **14.43** | **12.59** | **16.30** | **18.89** | **18.24** | **19.37** | **16.78** | **23.39** | **21.02** |
| **помлади малолет.** | **44** | **45** | **16** | **37** | **43** | **40** | **40** | **25** | **45** | **26** |
| Убиство | / | 1 | - | - | - | - | 3 | - | - | - |
| Телесна повреда | 3 | 3 | 3 | 6 | 4 | 6 | 4 | 2 | 2 | 8 |
| Тешка тел. повреда | 7 | 8 | 2 | 7 | 11 | 9 | 2 | 1 | 9 | 8 |
| Учество во тепачка | 4 | 6 | - | 4 | 4 | 1 | 1 | 1 | 2 | - |
| Загроз. со опас. оруд | 4 | 2 | - | 1 | - | - | - | 1 | 2 | 1 |
| Грабнување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Присилба | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| Против правно лишување од слобода | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| Загрозув.на сигурноста | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| Силување | - | - | 1 | - | - | 1 | - | - | 1 | - |
| Пол. напад врз дете | 5 | 4 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| Обљуба врз немоќно лице | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Запуштање и малтрет. на малолетно лице | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Разбојништво | 12 | 13 | 3 | 8 | 11 | 15 | 11 | 9 | 18 | 5 |
| Разбојничка кражба | - | - | - | 1 | - | - | - | - | 1 | 1 |
| Изнуда | 3 | - | 1 | - | 1 | - | 3 | 1 | - | - |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предизви. општа опасност | 3 | 3 | - | - | 1 | - | 4 | 6 | 1 | - |
| Насилство | 3 | 5 | 4 | 7 | 8 | 6 | 10 | - | 8 | - |
| Самовластие | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| Спреч.служб. лице во вршење на сл.дејствие | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| **Постари малолетниц** | **56** | **67** | **88** | **106** | **101** | **114** | **91** | **95** | **130** | **89** |
| Убиство | 1 | 2 | 6 | 2 | 4 | 2 | 4 | - | 1 | 2 |
| Телесна повреда | 6 | 10 | 18 | 8 | 6 | 19 | 16 | 18 | 11 | 19 |
| Тешка тел. повреда | 15 | 15 | 10 | 17 | 12 | 12 | 15 | 12 | 12 | 16 |
| Учество во тепачка | 1 | 5 | 8 | 2 | 18 | 3 | 4 | 7 | 9 | - |
| Загроз. со опас. оруд | 4 | - | 4 | 5 | 1 | 2 | - | 2 | 1 | 5 |
| Грабнување | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Присилба | - | - | 1 | - | - | - | - | - | 1 | - |
| Против правно лишување од слобода | - | - | - | 2 | 3 | - | - | 1 | - | - |
| Загрозув.на сигурноста | - | - | - | 2 | 2 | - | - | - | 2 | 1 |
| Силување | 3 | 1 | 4 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | - |
| Пол. напад врз дете | - | 3 | 3 | 3 | 3 | 7 | 7 | 6 | 8 | 4 |
| Обљуба врз немоќно лице | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - | - |
| Запуштање и малтрет. на малолетно лице | - | 1 | - | - | 1 | 1 | - | - | - | 1 |
| Разбојништво | 21 | 18 | 23 | 31 | 34 | 41 | 32 | 34 | 43 | 19 |
| Разбојничка кражба | 1 | 1 | - | 2 | 3 | - | - | 1 | 6 | 6 |
| Изнуда | 2 | - | - | 1 | 1 | 1 | 2 | - | - | 1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предизви. општа опасност | - | 3 | 2 | 5 | - | 4 | 3 | 1 | 1 | 1 |
| Насилство | 2 | 8 | 9 | 19 | 12 | 14 | 7 | 9 | 33 | 10 |
| Самовластие | - | - | - | 3 | - | - | - | 1 | - | - |
| Спреч.служб. лице во вршење на сл.дејствие | - | - | - | - | - | 5 | - | 1 | - | 4 |

На табела бр. 1 прикажан е обемот на малолетнички криминалитет за периодот од 2001 до 2010 година и застапеноста на криминалитетот со елементи на насилство која се движи од 11.40% до 23.39%. Резултатите од истражувањето покажуваат дека постои разлика во дистрибуцијата на насилничкиот криминалитет според возраста на малолетните лица. Имено за анализираниот период од вкупниот број на кривични дела со елементи на насилство (1298) 72% се извршени од страна на постари малолетни лица.

Според добиените резултати од анализираниот десетогодишен период може да се констатира дека малолетните лица вршеле разни видови на деликти со елементи на насилство кои пак припаѓаат на различни групи на кривични дела: Против животот и телото; Против слободите и правата на човекот; Против половата слобода и половиот морал; Против бракот и семејството и младината; Против имотот; Против службена должност; против изборите и гласањето; против општата сигурност на луѓето и имотот; против јавниот ред; и кривични дела од други групи кои незначително се појавуваат.

**Графикон бр.1**

Криминалитет со елементи на насилство кај малолетните лица во Македонија во периодот од 2001-2011



**Графикон бр.2**

Насилнички криминалитет според возраста на малолетните лица во Македонија во периодот од 2001-2010




**Табела 2.** Насилнички криминалитет кај малолетните лица во Хрватска (2005-2009 )

| **Година** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 855 | 974 | 968 | 958 | 987 |
| **Кривични дела со насилство** | **191** | **200** | **235** | **208** | **276** |
| % | **22.34** | **20.53** | **24.27** | **21.71** | **27.96** |

Од податоците на табелата бр.2 може да се констатира дека малолетните лица во Хрватска во споредба со малолетните лица во Македонија во наведениот петогодишен период (2005-2009) имаат поголемо учество во кривичните дела со елементи на насилство од вкупниот малолетнички криминалитет во нивната земја.

Според статистичките податоци на Државниот завод за статистика на Хрватска учеството на малолетните лица во вкупниот криминалитет во фазата на правосилно осудени во последните 10 години се движи од 3,3 до 5, % , значително помалку од малолетните лица во Македонија кое учество изнесува од 6,6 до 13% но кога станува збор за криминалитет со елементи на насилство тоа е значително повеќе застапено кај малолетните лица во Хрватска.

**Графикон бр.3**

Криминалитет со елементи на насилство кај малолетните лица во Хрватска во периодот од 2005-2009




### *Заклучок*

Според резултатите од истражувањето може да се констатира дека постои разлика во динамиката, односно застапеноста на кривични дела со елементи на насилство во однос на вкупниот број на кривични дела сторени од страна на малолетни лица во наведениот период. Од добиените податоци произлегува дека криминалитетот со елементи на насилство извршен од страна на малолетните лица во периодот од 2001-2010 се движи од 11.4% до 23.4% од вкупниот малолетнички криминалитет. Во анализираниот десетогодишен период (2001-2010) малолетните лица сториле 1298 кривични дела со елементи на насилство, од кои 937 или 72,18% се извршени од страна на постарите малолетни лица. Со други зборови соодносот во учеството во криминалитетот со елементи на насилство изнесува 2,6:1 во корист на постарите малолетни лица. Кога станува збор за структурата на криминалитетот со елементи на насилство доминантно место зазема кривичното дело разбојништво кое е застапено со 30,89 % односно 401 кривично дело. На второ место по застапеност следува кривичното дело тешка телесна повреда со 15,4% односно 200 кривични дела за анализираниот период. Понатаму според зачестеноста следуваат следните кривични дела: насилство со 13,4% (174 к.д.); телесна повреда со 13,2% (172 к.д.); учество во тепачка 6,2% (80 к.д.); полов напад врз дете со 5,2% (68 к.д.); предизвикување општа опасност 2,9% (38 к.д.); загрозување со опасно орудие 2,7% (35 к.д.); убиство 2,2% (28 к.д.); разбојничка кражба со 1,8% (23 к.д.); силување со 1.6% (21 к.д.) и сите останати кривични дела со елементи на насилство со 3,1% односно 41 кривично дело. Поголемата застапеност на кривичните дела со елементи на насилство во вкупниот малолетнички криминалитет претставува сериозен општествен и научен проблем, и затоа бара вклучување на сите релевантни фактори и невладиниот сектор во изготвувањето на стратегија за спречување и елиминирање на сите криминогени фактори кои доведуваат до овој облик на криминалитет.

### *Литература*

Арнаудова С., 2011, Насилство врз децата згрижени во институциите за социјална заштита, Докторски труд, Филозофски факултет, Скопје.

Арнаудовски Љ., 2007, Криминологија, 2-ри Август, Штип.

Baćic F., 1997, Opšti pogled na krivično-pravnu problematiku delikta nasilja, Zbornik krivično i kriminološki aspect delikata nasilja, Zagreb.

Bošković, M. 1995, Kriminologija i socijalna patologija, Matica srpska, Novi Sad.

Dahlberg LL., Krug EG., 2002, Violence: a global public health problem (in) Krug EG, Dahlberg LL, Mercy JA, Zwi AB, Lozano R. (ed): World report on violence and health. World Health Organization. Geneva.

Foege WH., Rosenberg ML., Mercy JA., 1995, Public helath and violence prevention.

Gudović Z., 1998, Socio-antropološke osnove nasilja. Milosavljević M. Zbornik:Nasilje nad decom, Fakultet za polititćkih nauka, Beograd.

Harris S., Petri G., Willoughby W., 2001, Bulling among 9-th Graders: an Exploratory Study. National Association of Secondary School Principals.

Hesnard B., 1963. Psychologie du Crime, Paris.

Кајзер Г., 1996, Криминологија, Александрија, Скопје.

Камбовски В., 1997, Кривично право-посебен дел, Просветно дело, Скопје.

Киткањ З., 2009, Деликвентно однесување кај малолетните лица со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит, Докторски труд, Филозофски факултет, Скопје.

Milosavljević M., 1998, Zbornik:Nasilje nad decom, Fakultet za polititćkih nauka, Beograd.

Šeparović Z., 1981, Kriminologija i socijalna patologija, Zagreb.

Статистички преглед на Сторителите на кривични дела во периодот од 2001-2010 год. во Р.Македонија; Државен завод за статистика, Република Македонија.

Statistička izveščja počinitelja kaznenih djela iz 2005-2009 u Hrvatskoj: Državni zavod za statistiku, Republika Hrvatska.

World report of violence and health. Geneva: 2002; 14

*Zoran KITKANJ*
*Melita MILEVSKA–BOGATINOVA*

# VIOLENCE IN THE MINORS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

***Summary***

*In the last decade violent and aggressive behavior in children and young people is increasing steadily. This problem drives more attention to the professional, scientific and general public in Macedonia and abroad.*

*This paper will show the presence of juvenile crime with elements of violence, as well as its structure and distribution by the age of minors in the period between 2001-2010 year in Macedonia.*

***Methods:*** *In this paper is used descriptive method and analysis of official statistics documentations checks for criminal acts committed by 2001-2010 in Macedonia and statistical breakdown of crimes committed in Croatia 2005-2009.*

***Results:*** *According to the results of the analyzed ten year period (2001-2010) the representation of violent crime among juveniles in Macedonia ranges from 11.4% to 23.4% of the total juvenile crime. The juvenile crime in Croatia for mentioned period is between 20-28% of the total crimes committed.*

***Conclusion:.*** *The volume and dynamics of crime with elements of violence varies and is characterizied by noncontiguous growth in both countries.*

***Keywords:*** *VIOLENCE, CRIMINAL ACTS, JUVENILES, CRIME, STRUCTURE, DISTRIBUTION.*